59167



# Претседателска палата во Музејот на Кале

М-р арх.
Васил Василевски



**За да се извршуваат претседателските функции, Музејот ќе треба да се адаптира, да се догради, па и да се надгради.**

Од безбедносни причини е јасно дека во зградата на Собранието не можат да бидат и просториите на претседателот на РМ. Во изминатиов период за решавањето на овој проблем беа посочувани неколку можни локации за изградба на палатата на претседателот. Се чини дека од сите тие предлози како најприфатлив е оној предлог што ја посочува локацијата на најдоминантниот простор на градот - скопската тврдина. Меѓутоа, таму нема место, освен да се пренамени Музејот за современа уметност на Македонија. Ако Музејот навистина се пренамени, тогаш, според програмата за извршување на сите функции на претседателот, тој ќе треба да се адаптира, да се догради, па дури и да се надгради, а дворното место да се уреди според потребите на таа функција. Оттука, со изградбата на овој објект, со реконструкцијата на Кале и со изградбата на Амбасада на САД, ќе се заокружи еден од најмаркантните делови на градот, што ќе му даде посебен лик и значење.

Но, се поставува еден проблем: дали воопшто еден така значаен објект од културата на една земја може да се пренамени за други потреби.

Од историјата на архитектурата може да се види дека многу значајни објекти, како палати на императори, цареви, маркизи, на барони и други, биле пренаменувани во хотели, во музеи и др. Ова укажува дека сите оние објекти што со својата архитектура дозволуваат да бидат користени и за друга намена се значајни објекти. Познатиот критичар Чарлс Џенкс, вели: "...најдобри архитекти се оние што најмалку се подложни на квалификации; кои се вклопуваат во многу традиции, бидејќи тие создаваат повеќезначна архитектура".

Тоа значи дека самиот архитект што го проектирал Музејот и Владата на Полска, која го финансирала проектот, ќе изразат задоволство што нивниот објект ќе биде пренаменет за таква значајна функција за една држава. Но, исто така, треба да се нагласи дека постојниот објект има многубројни недостатоци; мал број работилници и потреба од големо инвестициско одржување, бидејќи покривот постојано протечува. Сепак, најголем проблем е што Музејот не заживееја за сите овие четириесетина години; многу граѓани не знаат за неговото постоење, бидејќи тој е надвор од масовните пешачки движења, освен онаа елита која се собира по повод некое свечено отворање на некоја изложба. Најголемиот негов проблем е што тој објект е недостапен за обичниот човек, а важи за значаен објект од културата на една земја.

Да го посочиме музејот „Прадо" во Мадрид. Тој е лоциран на местото каде што се најголемите пешачки движења и секогаш е посетен од голем број граѓани и туристи. Зошто и ние да не го направиме тоа.

Според тоа, наместо да се дадат средства за санација на покривот на Музејот, тие средства може да се пренаменат за реконструкција и за адаптација на Старата железничка станица во нов Музеј на Македонија. Таа локација најмногу одговара за граѓаните, а таму веќе функционира Музејот на градот Скопје. Старата станица, сега навидум запустен кварт, со повторна изградба во постмодерен објект ќе ја врати носталгијата на старите скопјани од пред земјотресниот период за тој крај и ќе ги потсети на нејзината живост, сјај и светлина.